Службен весник на Република Македонија

Број 74 **9 мај 2014, петок** **година LXX**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
2266.	**Одлука** за помилување на осудени лица	**2**
2267.	**Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Државниот пазарен инспекторат	**2**
2268.	**Решение** за именување директор на Државниот пазарен инспекторат	**3**
2269.	**Правилник** за изменување на Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри, водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити и за формата и содржината на лиценцата за испитен центар	**3**
2270.	**Правилник** за обликот, содржината и техничките карактеристики на системот за електронско евидентирање на емитуваните авторски дела, односно предмети на сродните права	**10**
2271.	**Решение** од Судскиот совет на Република Македонија	**11**
2272.	**Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**11**
2273.	**Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**11**
2274.	**Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**12**
2275.	**Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија	**12**
	Огласен дел	**1-52**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2266.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 и член 1-а од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93 и 12/2009), Претседателот на Република Македонија, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Потполно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. БЕСМИРЕ ШАБАН АЈДИНИ, од с.Непроштено, Тетово
2. КРИСТИЈАН ЗЛАТКО РУСЕВ, од Тетово
3. ЛАЗИМ АЛИТ АЛИТИ, од с.Градец
4. БЛАГЕ БОРИС ЈОВАНОВСКИ, од Куманово.

II

Извршувањето на изречената казна затвор им се замени со условна осуда за време од 3 години на осудените лица:

1. ГОРАН АЛЕКСАНДАР СТОЈАНОВСКИ од Крива Паланка, во траење од 6 месеци.
2. РОБЕРТ КИРЕ ЧУЧУРСКИ од Битола, во траење од 6 месеци.
3. ИГОР ПАНЧЕ НАСТОВ од Велес, во траење од 6 месеци.
4. ПЕРО ДУШКО ЈОВАНОВСКИ од с.Јегуновце, во траење од 1 година.

III

Извршувањето на изречената казна затвор им се замени со условна осуда за време од 2 години на осудените лица:

1. ЉУПЧО ТРИФУН АНАНИЕВ од Кочани, во траење од 5 месеци.
2. АСАН БЕЏЕТ ИМИРЗАТ од Скопје, во траење од 3 месеци.

IV

Делумно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. ЗЕКИРИЈА АЗЕМ ВЕСЕЛОВ од Скопје, во траење од 4 месеци.
2. САФЕТ МУСА АЗИЗИ од с.Порој, Тетово, во траење од 4 месеци.
3. ДАНИЕЛ ТИБОР КИШ од Скопје, во траење од 4 месеци.
4. ДЕЈАН РАДОСЛАВ ТРАЈКОВСКИ од Скопје, во траење од 1 година.
5. ВАНЧО НИКОЛА ВИТАНСКИ од с.Ораовица, Радовиш, во траење од 6 месеци.
6. ЧЕДОМИР МИОДРАГ СИМИЌ од Гевгелија, во траење од 4 месеци.
7. ВАНЧО ТОМЕ СТАМЕНОВ од Свети Николе, во траење од 6 месеци.
8. ЗОРАН ИВАНЧЕ ЈОВАНОВСКИ од с.Петровец, Скопје, во траење од 4 месеци.
9. БОБАН БАНЕ БАНЕВСКИ од Куманово, во траење од 6 месеци.
10. СЛАВКО КИРИЛ МАТЕВ од Скопје, во траење од 6 месеци.
11. ДАРКО ЗЛАТКО МИЦЕВСКИ од Скопје, во траење од 1 година.

V

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-547/1
9 мај 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2267.

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за Државниот пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2007, 81/2007, 36/2011 и 164/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ

1. Виктор Дерменџиев се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија.
2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-1114/1
30 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

2268.

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за Државниот пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2007, 81/2007, 36/2011 и 164/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ

1. За директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија, се именува Кирил Миноски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-1115/1
30 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

2269.

Врз основа на член 417 алинеја 9 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11, 114/12 и 27/14), министерот за внатрешни работи, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОЗАЧКИТЕ ИСПИТИ И КРИТЕРИУМИТЕ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ИСПИТНИТЕ ЦЕНТРИ, ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ВРСКА СО СПРОВЕДЕНИТЕ ВОЗАЧКИ ИСПИТИ И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити и критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на испитните центри, водењето на евиденциите во врска со спроведените возачки испити и за формата и содржината на лиценцата за испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ број 103/07, 150/07, 127/09, 80/10, 46/11, 90/12 и 19/14), во член 27 став (1) во алинеите 2, 4 и 7 зборот „поткатегорија“ се заменува со зборот „категорија“.

Во алинејата 3 зборовите: „категорија „Ц1“ се заменуваат со зборовите: „поткатегорија „Ц1“.

Член 2

Во член 31 во ставот (5) зборовите: „ „Б“, „Ц“, „Д“ и „Ф“ “се заменуваат со зборовите: „ „Б“, „Ц“ и „Д“, националната категорија „Ф“ “.

Член 3

Членот 34 се менува и гласи:

„Член 34

Вториот практичен дел од возачкиот испит трае додека испитната комисија не се увери дека кандидатот за возач го поседува потребното знаење и способности за безбедно и самостојно управување со моторно возило или трактор во сообраќајот на пат, и тоа за:

- категоријата „А“, поткатегоријата „А1“, категориите „Б“ и „Б+Е“, и националната категорија „Ф“, најмалку 25 минути и не подолго од 40 минути и

- категориите „Ц“, „Ц+Е“, „Д“, „Д+Е“, поткатегориите „Ц1“, „Ц1+Е“, „Д1“ и „Д1+Е“, најмалку 45 минути и не подолго од 60 минути.“

Член 4

Обрасците бр. 1, 1-а, 2 и 3 се заменуваат со нови Обрасци бр. 1, 1-а, 2 и 3, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12.1-33160/1
5 мај 2014 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

Образец бр. 1

Испитен центар „_____“ - _____

ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ
за прв практичен дел (полигон) од возачкиот испит

Кандидатот за возач, _____
(име, татково име и презиме)

Број на лична карта _____ издадена од _____

Датум на полагање _____ 20 ____ година

Испит за категорија/поткатегорија/национална категорија „Ф“ _____

	ДЕЈСТВИЈА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ	НЕГАТИВНИ ПОЕНИ Маркирај во полето (X)	
	1. Тргнување со возилото од место (пред обележана стартна линија), движење по обележана сообраќајна лента со менување од прв во втор степен на пренос за категоријата „Б“ и националната категорија „Ф“ и од втор во трет степен на пренос за останати категории и поткатегории и запирање на возилото пред обележана линија за запирање СТОП (линија)		
А)	Стартување на моторот на возилото со вклучен степен на пренос	**20**	
Б)	Тргнување и движење со затегната помошна (рачна) кочница - сопирачка по целата сообраќајна лента	**30**	
В)	Нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот на возилото	**20**	
Г)	Предвремено, задоцнето или нагло додавање и намалување на педалото за гориво и брзината на движење	**20**	
Д)	Неправилно или грубо менување на степените на пренос	**30**	
Ѓ)	Движење и запирање на возилото без промена на степен на пренос или не пуштање на педалата на спојката по промена од прв во втор или од втор во трет степен на пренос	**20**	
Е)	Газење со тркалата или преминување со габаритот на возилото преку обележаните надолжни или напречни обележани линии од соодветната сообраќајна лента	**51**	
Ж)	Неправилно застанување пред обележаната линија за запирање СТОП на растојание поголемо од една должина на возилото	**30**	
	2. Движење со возило наназад во обележаната сообраќајна лента и запирање пред обележаната напречна линија		
А)	Непотребно запирање на движењето на возилото	**20**	
Б)	Газење со тркалата или преминување со габаритот на возилото преку обележаните надолжни или напречни линии од соодветната сообраќајна лента при движење наназад	**51**	
В)	Неправилно застанување при движење наназад пред обележаната напречна линија на растојание поголемо од една должина од возилото	**30**	
	3. Полукружно свртување со возило		
А)	Газење со тркалото на возилото на обележаните линии и димензионираната површина за полукружно свртување	**51**	
Б)	Нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот на возилото	**20**	
В)	Неправилно или грубо менување на степените на пренос	**20**	
Г)	Вртење на управувачкото тркало (воланот) во место, кога возилото е запрено, освен за категорија „Б“	**20**	
Д)	Неуспешно полукружно свртување со определениот број маневри и тоа за категорија „Б“ три, за поткатегории „Ц1“ и „Д1“, категории „Ц“ и „Д“ и национална категорија „Ф“ четири	**51**	
	4. Паркирање на возило во определена паркинг површина		
А)	Неуспешен обид за паркирање во определената паркинг површина	**30**	
Б)	Газење со тркалото на возилото преку обележана линија на определена паркинг површина или удар во столбче - граничник	**51**	
В)	Несиметрично паркирање во определена паркинг површина	**15**	
Г)	Неуспешно паркирање и по вториот обид	**51**	
	5. Тргнување со возилото на нагорнина со употреба на рачна (помошна) кочница-сопирачка		
А)	Неупотребување на рачната (помошната) кочница-сопирачка	**51**	
Б)	Возилото не може да тргне напред или моторот се гаси	**30**	
В)	Враќање на возилото наназад при тргнување	**30**	
Г)	Неуспешно поаѓање и по втор обид	**51**	

Вкупен број на негативни поени: _____

Кандидатот _____, овој дел од испитот: го положи/не го положил
(непотребното да се прецрта)

ИСПИТНА КОМИСИЈА:

Претседател: _____, член-испитувач: _____ и

член-испитувач: _____

Образец бр. 1-а

Испитен центар „ _____“ - _____

ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ

за практичен дел од возачкиот испит за категорија „А“ и поткатегорија „А1“

Кандидатот за возач, _____

(име, име на родител и презиме)

Број на лична карта _____ издадена од СВР - _____

Датум на полагање _____ 20 ___ година, Испит за категорија/поткатегорија _____

ДЕЈСТВИЈА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ (полигон)	НЕГАТИВНИ ПОЕНИ Маркирај во полето (Х)	

	1. Поаѓање со возилото од место, одржување правец и рамнотежа при движење по права линија со должина од 30 метри и ширина од 0.25 метри со промена од прв во втор степен на пренос		
А)	Стартување на моторот во работа со вклучен степен на пренос	**20**	
Б)	Предвремено, задоцнето или нагло пуштање на педалата на спојката или гаснење на моторот	**20**	
В)	Неправилно седење и држење на телото на возилото (седи искривено или неправилно го држи телото - наведнато напред, односно назад)	**20**	
Г)	Неправилно изведување на дејствијата со раце и нозе при менување на степен на пренос (гледа во управувачот и рачните команди, односно менувачот на степените на пренос)	**20**	
Д)	Грубо менување на степените на пренос или неприлагодување на брзината на движење за променување согласно соодветниот степен на пренос	**30**	
Ѓ)	Неменување од прв во втор степен на пренос на определената должина	**30**	
Е)	Неодржување на правец или рамнотежа при движењето (излегува со најмалку едно тркало од ширината на обележаната линија или се допира со една или обете нозе на коловозната површина)	**51**	
Ж)	Не застанување во определениот простор за запирање (пред стоп линијата за запирање со предното тркало)	**51**	
З)	Неправилно застанување со мотоциклот, слегување од него и туркање надвор од просторот на обележаната линија	**20**	

	2. Движење помеѓу 8 (осум) чунови во обележана површина (лента) со должина од 30 метри и ширина од 2 метри		
А)	Помагање со најмалку една нога за одржување на правец по траекторија (патека) на движењето, односно допирање на коловозната површина	**30**	
Б)	Гаснење на моторот при движење	**20**	
В)	Застанување со возилото во просторот на обележаната површина	**30**	
Г)	Газење или изместување на еден чун од предвидените позиции на истите со возилото (со нога или со мотоциклот)	**30**	
Д)	Газење со најмалку едно тркало или преминување преку обележаните линии (надолжни рабни линии) од определената ширина	**51**	
Ѓ)	Непоминување во определените простори помеѓу два чуна	**51**	

ВОЗЕЊЕ ВО И НАДВОР ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО (практичен дел)

		НЕГАТИВНИ ПОЕНИ Маркирај во полето (X)	
	1. Знаење и вештина за безбедно управување со возилото		
А)	Предвремено, задоцнето или нагло пуштање на педалото на спојката	**20**	
Б)	Неправилна употреба на командите и менување на степените на пренос	**30**	
В)	Неправилно држење или вртење со управувачот на возилото	**20**	
Г)	Неправилна употреба на командите и сопирачките на возилото	**20**	
Д)	Неправилно ракување или користење на командите за светлосно-сигнални уреди на возилото	**20**	
Ѓ)	Не го следи сообраќајот околу себе и не ги користи возачките ретровизори	**20**	
Е)	Неприлагодување на брзината кон состојбата на патот и сообраќајот	**30**	
Ж)	Неправилно управување со возилото во кривина или раскрсница	**30**	
З)	Неправилно управување со возилото на надолнина	**20**	
S)	Невнимателно однесување кон другите учесници во сообраќајот	**30**	
И)	Недржење на правец на движење, страна на движење или не се движи во пропишана сообраќајна лента за категоријата на возилото (мотоциклот)	**51**	
Ј)	Неправилно движење со возилото на коловозот, во рамките на сообраќајната лента или преминување преку работ на коловозот	**51**	
К)	Предизвикува небезбедни и непосредно опасни ситуации	**51**	

	2. Примена на правилата и прописите во сообраќајот		
А)	Движење со брзина над пропишаната	**51**	
Б)	Непочитување на правилата за првенство на минување	**51**	
В)	Непрописно престигнување или обиколување	**30**	
Г)	Непропуштање на пешаци на пешачки премин, на раскрсница или организирана колона од пешаци	**30**	
Д)	Непрописна или неправилна употреба на светла во сообраќајот	**20**	
Ѓ)	Непрописно или неправилно држење на растојание помеѓу возилата	**20**	
Е)	Необезбедување странично безбедно растојание при движење покрај останатите учесници во сообраќајот	**30**	
Ж)	Непочитување на светлосни сообраќајни знаци или знаци од униформирано службено лице	**51**	
З)	Непочитување на светлосни или звучни сообраќајни знаци на патен премин преку железничка пруга	**51**	
S)	Непрописно престројување пред обележана или необележана крстосница	**20**	
И)	Непрописно свртување на крстосница и вклучување на страничен пат или во пропишана сообраќајна лента	**20**	
Ј)	Непрописно разминување	**20**	
К)	Непрописна или неправилна употреба на знаци за предупредување	**20**	

Вкупен број на негативни поени: _____

Кандидатот _____, **овој дел од испитот:** **го положи/не го положи**
(непотребното да се прецрта)

ИСПИТНА КОМИСИЈА:

Претседател:_____**член-испитувач:**_____ **и**

член-испитувач:_____

Образец бр. 2

Испитен центар „ _____“ - _____

ОЦЕНУВАЧКИ ЛИСТ
за втор практичен дел од возачкиот испит

Кандидатот за возач, _____
(име, име на родител и презиме)

Број на лична карта _____ издадена од СВР - _____

Датум на полагање _____ 20 ___ година

Испит за категорија/поткатегорија/национална категорија „Ф“ _____

ДЕЈСТВА СО ВОЗИЛОТО И МОЖНИ НАПРАВЕНИ ГРЕШКИ	**НЕГАТИВНИ ПОЕНИ** Маркирај во полето (Х)

	1. Знаење и вештина за безбедно управување со возилото		
А)	Предвремено, задоцнето или нагло пуштање на педалото на спојката	**20**	
Б)	Неправилна употреба на помошна (рачна) кочница	**20**	
В)	Неправилно менување на степените на пренос	**30**	
Г)	Неправилно држење или вртење на управувачот (воланот) на возилото	**20**	
Д)	Неправилна употреба на работната кочница	**20**	
Ѓ)	Недржење на страна или правец на движење на возилото	**51**	
Е)	Неправилно управување со возилото во кривина или раскрсница	**30**	
Ж)	Удирање со возилото во работ на коловозот	**51**	
З)	Неправилно управување со возилото на надолнина	**20**	
S)	Неправилно ракување или користење на команди за светлосно-сигнални уреди	**20**	
И)	Неследење на сообраќајот и некористење на возачките огледала	**20**	
J)	Неприлагодување на брзина кон состојбата на патот и сообраќајот	**20**	
К)	Невнимателно однесување кон други учесници во сообраќајот	**30**	
Л)	Неследење и невоочување на сообраќајни знаци	**51**	
Љ)	Создавање на непосредно опасни ситуации без последица или со последица	**51**	

	2. Примена на правилата и прописите во сообраќајот		
А)	Движење со неприлагодена брзина	**30**	
Б)	Непочитување на правилата за првенство на минување	**51**	
В)	Непрописно престигнување или обиколување	**30**	
Г)	Непропуштање на пешаци на пешачки премин, на раскрсница или организирана колона од пешаци	**30**	
Д)	Непрописна или неправилна употреба на светла во сообраќајот	**20**	
Ѓ)	Непрописно или неправилно држење на растојание помеѓу возилата	**20**	
Е)	Необезбедување странично безбедно растојание при движење покрај останатите учесници во сообраќајот	**30**	
Ж)	Непочитување на светлосни сообраќајни знаци или знаци од униформирано службено лице	**51**	
З)	Непочитување на светлосни или звучни сообраќајни знаци на патен премин преку железничка пруга	**51**	
S)	Непрописно престројување пред обележана или необележана крстосница	**20**	
И)	Непрописно свртување на крстосница и вклучување на страничен пат или во пропишана сообраќајна лента	**20**	
Ј)	Непрописно разминување	**20**	
К)	Непрописна или неправилна употреба на знаци за предупредување	**20**	
Л)	Непочитување на останати сообраќајни знаци	**20**	

Вкупен број на негативни поени: _____

Кандидатот _____, овој дел од испитот: го положи/не го положи
(непотребното да се прецрта)

ИСПИТНА КОМИСИЈА:

Претседател:_____член-испитувач:_____ и

член-испитувач:_____

Образец бр. 3

_____
(Испитен центар)
Бр. _____
_____ 20 ____ година
_____
(Место)

У В Е Р Е Н И Е

ЗА ПОЛОЖЕН ВОЗАЧКИ ИСПИТ

Кандидатот _____, роден-а

_____ година, во _____, со живеалиште/престојувалиште

во _____, полагал-а на _____ година

и со успех го положил-а возачкиот испит за управување со:

- моторно возило од категорија _____
- моторно возило од поткатегорија _____
- моторно возило од национална категорија _____

(непотребното да се прецрта)

Раководител на испитен центар

_____

М.П.

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

2270.

Врз основа на член 135-а став (6) од Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 51/11 и 147/13), министерот за култура, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ОБЛИКОТ, СОДРЖИНАТА И ТЕХНИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СИСТЕМОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ЕМИТУВАНИТЕ АВТОРСКИ ДЕЛА, ОДНОСНО ПРЕДМЕТИ НА СРОДНИТЕ ПРАВА

Член 1

Со овој правилник се пропишува обликот, содржината и техничките карактеристики на системот за електронско евидентирање на емитуваните авторски дела, односно предмети на сродните права (во натамошниот текст: системот за електронска евиденција).

Член 2

Системот за електронска евиденција е софтверско решение преку кое организацијата за колективно управување на авторското право, односно сродните права (во натамошниот текст: организацијата за колективно управување) врши електронско евидентирање, обработка на податоците, следење и контрола над емитуваните авторски дела, односно предмети на сродните права.

Член 3

Системот за електронска евиденција содржи датотека на податоци за авторските дела и авторите, односно предметите на сродните права и носителите на правата, чии што права колективно се управуваат од страна на организацијата за колективно управување, врз основа на што се врши идентификување на емитуваните авторски дела, односно предмети на сродните права од радио-телевизиската организација.

Системот за електронска евиденција овозможува идентификување на одредено авторско дело врз основа на анализа на исечок од емитуваното авторско дело, односно предмет на сродното право и негова споредба со датотеката на податоци на организацијата за колективно управување.

Член 4

Во зависност од видот и формата на авторското дело, односно предметот на сродното право што се емитува, системот за електронска евиденција прави записи за емитуваните авторски дела, односно предмети на сродните права.

Записите ги содржат следните податоци:

- наслов или друго обележје на авторското дело, односно предметот на сродното право,

- носителот/носителите на правата врз емитуваното авторско дело, односно предметот на сродните права,

- термините и времетраењето на емитувањето на авторското дело, односно предметот на сродните права,

- термините и времетраењето на емитувањето на авторското дело, односно предметот на сродното право емитувано како обврска на радиодифузерите за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија,

- радио-телевизиската организација која го емитува авторското дело односно предметот на сродните права.

Во случај кога системот за електронска евиденција не може да направи идентификација на емитуваното авторско дело, односно предметот на сродното право во својата база на податоци, тоа се евидентира во системот за електронска евиденција со посебен запис, а идентификацијата се врши дополнително од страна на организацијата за колективно управување по внесувањето на податоците од ставот 2 на овој член за емитуваното авторско дело, односно предметот на сродното право во базата на податоците.

Член 5

Клиентската апликација на централното софтверско решение на системот за електронска евиденција се инсталира на компјутерскиот систем во радио-телевизиската организација преку кој се емитуваат авторски дела, односно предмети на сродните права и до кој е обезбеден техничко-технолошки приклучок кон сигналот кој што се предава за дистрибуција на програмските содржини.

Радио-телевизиските организации треба да осигураат поврзување со интернет на компјутерскиот систем преку кој се емитуваат авторските дела, односно предмети на сродните права, а заради обезбедување на комуникација на клиентската апликација со централното софтверско решение.

Член 6

Пристап до системот за електронска евиденција може да има само операторот на системот за електронска евиденција кој за тоа има корисничка сметка со корисничко име и лозинка добиени од соодветната организација за колективно управување.

Член 7

Авторот може да врши увид во податоци од системот за електронска евиденција кои се однесуваат на неговото емитувано авторско дело со пристап до системот за електронска евиденција преку посебна корисничка сметка со корисничко име и лозинка.

Ставот 1 на овој член соодветно се применува и на носителите на сродните права.

Член 8

Софтверско решение од членот 2 од овој правилник треба да содржи заштита од неовластен пристап на трети лица.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 57–5231/1
5 мај 2014 година
Скопје

Министер за култура,
д-р **Елизабета Канческа Милевска**, с.р.

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2271.

Судскиот совет на Република Македонија постапувајќи согласно Амандман XXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), на ден 2.5.2014 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Зорица Стрезоска судија на Основниот суд Скопје II Скопје, поради исполнување на условите за старосна пензија.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето од 2.5.2014 година.

Бр. 07-645/3
5 мај 2014 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија,
Александра Зафировска, с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2272.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11,136/11, 79/13, 164/13 и 41/14), и член 10, став 4 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство и трговија ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје, на ден 7.5.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 148/12 од 9.5.2013 година, на Друштвото за производство и трговија ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје, се продолжува до 9.6.2014 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-148/12
7 мај 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

2273.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11,136/11, 79/13, 164/13 и 41/14), и член 10, став 4 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство и трговија ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје, на ден 7.5.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр. 08-149/12 од 9.5.2013 година, на Друштвото за производство и трговија ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје, се продолжува до 9.6.2014 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-149/12
7 мај 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

2274.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11,136/11, 79/13, 164/13 и 41/14), и член 10, став 4 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство и трговија ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје, на ден 7.5.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 150/12 од 9.5.2013 година, на Друштвото за производство и трговија ЈОАН СОЛАР ДООЕЛ Скопје, се продолжува до 9.6.2014 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-150/12
7 мај 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

2275.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11,136/11, 79/13, 164/13 и 41/14), и член 10, став 4 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12 и 63/13), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги СОЛАР ПАРК увоз-извоз ДОО Битола, на ден 7.5.2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08-186/12 од 14.6.2013 година, на Друштвото за производство, трговија и услуги СОЛАР ПАРК увоз-извоз ДОО Битола, се продолжува до 14.12.2014 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-186/12
7 мај 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2014 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2014074